# ЗНМ со реакција за предлогот на Мицкоски медиумските работници да бидат ослободени од придонеси

27/12/2023 15:26

Во Извештајот од Мисијата за проценка на состојбата со слободата на медиумите во Макеоднија, именуван како Слободата на медиумите во Северна Македонија: напредок на стаклени нозе – кој неодамна го промовираше, прашањето за форми за поддршка на медиуми е детално елабориран велат од Здружението на новинари на Македонија за „Локално“, откако денеска лидерот на опозицијата, Христијан Мицкоски најави дека неговата партија за време на дебатата за Предлог-Буџетот во Собранието ќе предложи медиумските работници да бидат ослободени од социјалнот здравственото осигурување, со изземање на МРТВ и МИА, бидејќи добиваат пари од државниот Буџет.

-Тоа се: 1. директни субвенции (како оние што моментално се доделуваат на дел од печатените медиуми во Македонија), 2. даночни предности или олеснувања; 3. државно рекламирање (какво МИОА предлага) и 4. поддршка базирана на проекти (Фонд за медиумски плурализам), посочува Здружението на новинари.

Оттаму додаваат дека земјите на ЕУ имаат тенденција да усвојат мешавина од овие политики, но најмалку соодветно е државното рекламирање.

-Оваа форма на финансирање е најпроблематична бидејќи вообичаено се злоупотребува од влас за да се влијае врз уредувачката агенда на медиумите. Во врска со даночните предности, предно на оваа форма е што потенцијално мерката важи за сите медиуми. Во македонски контекст, за да се злоупотребува оваа мерка, нужно е да постои волонтерски регистар на онлајн медиуми во ра на Агенцијата за медиуми. Оваа мерка исто така, не треба да го исклучува Фондот за медиумски плурализам за чија потреба ЗНМ одамна јавно ја застапува оваа политика. Потребата е поради неколку аспекти, прво бидејќи Македонија има обврска да креира ваков фонд со цел да ги исполн препораките на Совет на Европа, а второ бидејќи ова е најдобар начин заинтересираните медиум понудат идеи за квалитетна медиумска содржина во интерес на јавноста. Фондот треба да биде 0 од вкупниот буџет на државата, со истиот треба да располага АВМУ и врз основа на јавен конкур предлозите да бидат предмет на евалуација од страна на надворешна експертска комисија за чи предлози ќе одлучува Советот на медиумското регулаторно тело, наведуваат од ЗНМ како реакц предлогот на Мицкоски.

Според претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, ослободувањето на медиумските работници од плаќање придонеси ќе ја чини државата 10 милиони евра на годишно ниво.

Доколку ова не биде прифатено од страна на Владата, според него, најголема е веројатноста ако ВМРО ДПМНЕ формира влада, при првиот ребаланс во јули да предвидат ослободување на медиумските работници од овие давачки. Мицкоски вели дека ова ќе им овозможи на сопствени на медиумите да ги зголемат платите на медиумските работници.

**Н.П.**

МАКЕДОНИЈА ИНТЕРВЈУА ЕКОНОМИЈА СВЕТ МАГАЗИН АВТО ПЛУС

СПОДЕЛИ

## СЛИЧНИ СОДРЖИНИ

**Маричиќ очекува натамошна поддршка од европските институции за реформската агенда**
23/01/2024 11:07

**Медведев ироничен: „Тоа е тоа, сега војната е неизбежна“**
23/01/2024 11:02

**Ковачевски: За нашите граѓа животот во ЕУ не значи карт**
23/01/2024 10:41

© Авторски права 2024 - Сите права се задржани. Дизајн & Хостинг